РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1751/4

10-09-2026 г./v.

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 38-та седница одржана на ден 31.08.2026 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по предметот под број 12-1751/1 од 15.04.2026 година, оформен по пријава во која се изнесени наводи за сомневање против лицето --------------, вработено во Територијалната противпожарна единица во ---------------, **СЕ ЗАПИРА**.

ДКСК утврди дека согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за натамошно постапување, поради тоа што за предметниот случај постапил друг надлежен орган.

Предметот со број 12-1751/1 од 15.04.2026 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

### О б р а з л о ж е н и е

Во ДКСК е оформен предмет со број 12-1751/1 од 15.04.2026 година по пријава во која се изнесени наводи за сомневање против лицето ----------------, вработено во Територијалната противпожарна единица во -----------, кој подолг временски период не бил редовен на работа, а редовно примал плата.
Во пријавата се наведува дека горенаведеното лице секојдневно се забележувало надвор од работното место во време кога требало да биде на работа и дека наводно некој друг редовно го евидентирал како лице присутно на работа.

Во насока на проверка на пријвените наводи  и утврдување на фактичката состојба во предметот, ДКСК се обрати со барање за доставување на информации до Државен инспекторат за труд(ДИТ).

Постапувајќи по барањето на ДКСК, ДИТ извршил инспекциски надзор и од увидот во презентираната документацијата од областа на работните односи констатирал дека лицето ---------------- имало склучено Договор за вработување на неопределено работно време со Општина ------------, на работно место Пожарникар спасител во Територијалната противпожарна единица ---------- при Сектор за заштита и спасување. Проверувајќи ги наводите изнесени во претставката поднесена до ДКСК, ДИТ утврдил дека во Територијалната противпожарна единица ---------, не се води електронска евиденција за работното време што е спротивно на член 116 став 7 од Законот за работни односи („Сл.Весник на РСМ бр.167/2015“), кој гласи: „Работодавач кој има над 25 вработени и кај кого процесот на работата се врши на една или повеќе локации, е должен на секоја локација да води електронско евидентирање на полното работно време и на прекувремента работа“.

Од тие причини, ДИТ не можел да утврди дали лицето ---------------- бил редовен на работа. По однос на утврдените неправилности и констатираниот прекршок казнив по член 265 став 1 алинеја 31 од Законот за изменување и дополнување на Законот за работни односи („Сл.Весник на РСМ бр.267/20“), а имајќи ја во предвид големината на правниот субјект утврдено од Тековната состојба од Централен Регистар на РСМ и членот 47 став 3 од Законот за прекршоци, на правното лице му била изречена глоба во износ од 600 евра во денарска противвредност, а на одговорното лице во правното лице му се изрекло глоба во износ од 400 евра во денарска противвредност.

Имајќи го во предвид горенаведеното, ДКСК констатира дека за предметниот случај постапил друг надлежен орган, кој при своето надлежно постапување утврдил неправилности кај правниот субјект, преземал соодветни инспекциски мерки кон правниот субјект, а поради недостаток на електронска евиденција нема можност да се провери присуството на вработените, по што оцени дека нема елементи за натамошно постапување во предметниот случај и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Адем Чучуљ**

Изготвил: м-р Ф.Ј., советник
Контролирал: Ј.Ц, раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил/Miratoi: В.Xh., Член на ДКСК/Anëtarë i KSHPK